РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1675/3
21-04-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од непознат подносител, Државната комисија, на 65 - та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-4475/1 од 04.11.2021 година, оформен врз основа на пријава против лицето ----- -------, член на Совет на општина ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

По обезбедени податоци од надлежни институции, ДКСК утврди дека наводите во пријавата не се потврдуваат, односно со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-4475/1 од 04.11.2021 година, е оформен врз основа на пријава од непознат подносител со наводи дека лице кое е избрано за член на Совет на општина -------- истовремено е и вработен во ----- како ------- -------- -------.

Државната комисија, ги разгледа наводите во пријавата и со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на вистинитоста на наводите, се обрати до --- со барање податоци и информации за тоа дали лицето ---- ------ е во работен однос со --- и дали неведеното лице, преземало било какви дејствија, а со цел да не се доведе во ситуација на прекршување на одредбите од Законот за внатрешни работи и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

--- ја извести ДКСК дека на лицето ----- ------- му е престанат работниот однос во --- поради остварување на правото на пензија, а врз основа на известување од 01.11.2021 донесено е решение со кое се утврдува дека на именуваниот поради избор за член на Совет на општина -------, му мируваат правата и обврските од работниот однос во ---, сметано од 26.10.2021 година, во согласност со одредбите од член 9 став 2 од Изборниот законик.

По прибраната документација и вака утврдената фактичка состојба, видно е дека гореспоменатото лице има поднесено барање за ставање во мирување на правата и обврските од работниот однос во --- на ден 26.10.2021 година, што значи дека лицето постапило согласно член 9 став 2 од Изборниот законик. Имено, во првата глава- Основни одредби од Изборниот законик, дел 6. Неспојливост на функцијата претседател на Републиката, пратеник, градоначалник и член на совет, во член 9 се предвидува дека:
„ (1) На припадниците на вооружените сили на Република Македонија, припадниците на униформираниот дел на полицијата, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и во Агенцијата за разузнавање од денот кога ќе бидат утврдени како кандидати, работниот однос им мирува.
(2) Со денот на верификацијата на мандатот на лицата од ставот (1) на овој член, работниот однос им мирува."

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Исто така, од дописот се утврдува и дека лицето --- ----- повеќе не е во работен однос поради остварување на правото за пензија, со што се констатира промена на фактичката состојба од наводите кои се изнесени во пријавата врз основа на која е оформен предметот 09-4475/1 од 04.11.2021 година.

Имено, на 55та седница одржана на ден 17.11.2021 година ДКСК донесе одлука за предметот со број 09-4475/1 од 04.11.2021 година, но при повторно разгледување на наводите во пријавата врз основа на која е оформен предметот, ДКСК утврди дека фактичката состојба не е целосно утврдена, поради што одлучи да се продолжи со постапување по предметот, односно со прибирање на дополнителни податоци и информации.

Согласно наведеното, ДКСК утврди нова фактичка состојба, поради што одлуката донесена на 55та седница не беше спроведена.

Оттука, на Седницата одржана на ден 15.04.2022 година, ДКСК одлучи постапувањето по предметот 09-4475/1 од 04.11.2021 година, да запре.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот, поради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: Ш.С, член на ДКСК